**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-573/7**
**14.07.2022 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Врз основа на член 58 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце**

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 27.01.07/21 од Април 2022 година изработен од страна на ДППИИ „СТАН АРТ" ДООЕЛ Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 8807,76 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце со тех.број 27.01.07/21 од Април 2022 година изработен од страна на ДППИИ „СТАН АРТ" ДООЕЛ Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-573/6 од 05.07.2022 година.
4. Анекс на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) КП бр.1600/1 К.О. Пклиште, со деловоден број 1301-40/3-2022 од 06.04.2022 година, изработен од ДГУ „ГЕО ПРЕМ" ДООЕЛ Струмица;
5. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 75/22 од април 2022 година, извршен од Друштво за проектирање „ВИЗУРА" ДООЕЛ Струмица.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-573/1 од 04.05.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце со тех. број 27.01.07/21 од Април 2022 година.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на К.П. бр.1600/1 К.О. Пклиште, Општина Ранковце, бр. 22-573/6 од 05.07.2022 година, со предвидена класа на намена:

- А4-3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување
- Д5.2 – шумски подрачја, листопадни шуми, четинарски шуми,мешани шуми;
- Е1 – сообраќајна инфраструктура;

Во границите на планскиот опфат планирани се 4 градежни парцели со следните основни класи на намена:

- А4-3 викенд куќи , со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=Oddelenie za urbanizam, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=173169, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2022.07.14 07:33:47 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.07.14 07:35:20 +02'00'